Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 36 став 3 и член 45 став 1 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за менувачки работи**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 184/18)**

1. Во Одлуката за менувачки работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 127/12, 42/14 и 42/16) во точка 8 став 1, алинејата 5 се менува и гласи: „- да има програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам, согласно со прописите со кои е регулирано спречувањето перење пари и финансирањето на тероризмот."

2. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О бр.02-15/XV-2/2018
27 септември 2018 година
Скопје

Гувернер
и претседавач
на Советот на Народната банка
на Република Македонија
д-р Анита Ангеловска-Бежоска